EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES

Информатор на ЕЦМП НВО Мрежата # 11, Ноември 2002

СОДРЖИНА


-------------------------------------------------------

1.Вести од ЕЦМП НВО Мрежата
2.Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри
3.Вести од членките на Мрежата
4.Линкови
5.Грантови
4.Листа на ЕЦМП НВО Регионални Ресурсни Центри

-------------------------------------------------------


------------------------------------------

1. Вести од ЕЦМП НВО Мрежата

------------------------------------------

**4ти Ноември**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Средба на ЕЦМП со ААР Јапонија**

Активностите на ЕЦМП Мрежата им беа презентирани на претставниците на ААР Јапонија. Јапонската меѓународна НВО ААР планира да ја продолжи својата поддршка и следната година преку мали грантови за проекти кои се наменети за деца и за теми од областа на здравството. ЕЦМП ја презентира листата на членки на ЕЦМП НВО Мрежата и ја покани ААР Јапонија да воспостави контакти со членките преку Регионалните центри или директно со цел да ја истражи можноста за обемот на соработка.
Е-меил: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**5ти Ноември**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Презентација на ЕЦМП НВО Мрежата пред Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски држави (УСАИД)**

Регионалниот претставник на ЕЦМП Сунур Верма им ги презентира активностите на ЕЦМП НВО Мрежата на г-ѓа Кети Стермер и г-ѓа Мелиса Чокревска, претставници на УСАИД. Г-дин Верма ги информира за развојот на Регионалните центри во Скопје, Куманово, Штип, Битола, Гостивар и Тетово. Исто така г-дин Верма им предложи на претставниците на УСАИД, годишната публикација на УСАИД насловена „Индекс за одржливост на НВОи" да биде достапна на албански и македонски јазик, посебно деловите за Методологијата и Македонија. Тој истакна дека ова би можел да биде многу корисен документ за НВОи членки на мрежата. Во продолжение тој им го образложи процесот на развој на предлог проекти во Регионалните центри.
Е-меил: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**6ти Ноември**

**ЕЦМП НВО Мрежа**

**Презентација на стратегијата за Македонија на СИДА – Шведска**

ЕЦМП НВО Мрежата беше поканета да присуствува на презентацијата на нацрт стратегијата на Шведска за развој на соработката со Република Македонија. СИДА е во процес на ревидирање на стратегијата за развој на соработката со Република Македонија. Финалната верзија на стратегијата ќе биде прифатена од Шведскиот парламент до крајот на 2002 година и ќе важи за периодот 2003-2005. Шведска ја претставуваа г-дин Стафан Херштрум, заменик генерален директор на СИДА; г-дин Бо Елдинг, шеф на одделот за западен Балкан; г-ѓа Софи Бергхалд, координатор за Македонија, оддел за западен Балкан; г-ѓа Брита Олофсон, програм офицер, оддел за западен Балкан; г-дин Јоран Бјолерштед, министер – советник, шведска амбасада; г-ца Аника Пало, директор за развој на соработката, шведска амбасада; г-ѓа Билјана Цартова-Петровска, програм офицер, шведска амбасада/СИДА.

Координативното тело на Мрежата ги номинира г-ца Сунчица Миљковиќ, г-ца Илза Адеми и Сунур Верма да ја претставуваат Мрежата. На средбата многумина присутни ја поздравија јавната презентација на стратегијата за помош од страна на билатерален донатор и ги изразија своите надежи дека и другите донатори ќе го следат овој пристап.

Е-меил: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**13ти Ноември**

**ЕЦМП НВО Мрежа**

**ТВ станицата „АРТЕ" ги емитуваше сториите за членките на ЕЦМП НВО Мрежата и нивните проекти**

Европската ТВ станица АРТЕ емитуваше специјална емисија за активностите на ЕЦМП НВО Мрежата во Македонија со посебен осврт на проектите Бабилон Центар, имплементиран во селото Теарце од страна на Центарот за балканска соработка „Лоја" и „Битола-отворен град" на Младинскиот културен центар – Битола. Емисијата вклучуваше и интервјуа со членовите на овие организации, како и со корисниците на проектот. ЕЦМП Регионалната канцеларија од Скопје обезбеди поддршка и координација за филмската екипа која дојде од продуцентската куќа Кобалт од Берлин.

Е-меил: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**18ти Ноември**

**ЕЦМП НВО Мрежа**

**Презентација на активностите на ЕЦМП пред проектот на Општествата растргнати од војна**

ЕЦМП Регионалниот претставник Сунур Верма го посети Директорот на проектот на Општествата растргнати од војна проф. Ферид Мухиќ. Започнат во почетокот на 2002, после една година подготвителна работа, проектот (имплементиран под името – „Проект за заедничка визија – ПЕВ") има за цел да го поддржи мирот и процесот на помирување во постконфликтниот период, зајакнувајќи ги демократските и социо-економските реформи и превенција од

вооружен конфликт. ЕЦМП НВО Мрежата и Регионалните центри му беа претставени на проф. Мухиќ. Претставникот на ЕЦМП го покани г-дин Мухиќ да ја разгледа можноста за воспоставување контакти со Регионалните центри кои можат да бидат домаќини на дискусиите предвидени во ПЕВ проектот. На г-дин Мухиќ му беше презентирана листата на членките на Мрежата и беше поканет да контактира со нив директно, бидејќи тоа се НВОи кои располагаат со ресурси и искуство во зближувањето на луѓето за дискусии и конструктивни акции.
www.wsp-international.org

**21ви Ноември**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Презентација на ЕЦМП НВО Мрежата на семинарот на Програмата за демократско лидерство**
На семинарот во организација на Алумни мрежата на Програмата за демократско лидерство претставникот на Координативното тело на ЕЦМП НВО Мрежата Елизабета Марковска одржа презентација. Презентацијата содржеше информации за работата на главната канцеларија на ЕЦМП во Фленсбург, Германија, информации за проектните активности на ЕЦМП на Балканот и активностите на ЕЦМП НВО Мрежата. Детално беа обработени следните теми: процесот на воспоставување на мрежата, методот на работа на мрежата, алатките на мрежата, структурата на мрежата, членството, ресурсите со кои располага мрежата, нејзината одржливост како и имплементираните и тековните проекти. Групата пред која се одвиваше презентацијата беше составена од 25 учесници – лидери, политиколози и претставници на НВОи и јавни институции од земјите на Европската унија и југоисточна Европа.
Е-меил: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**22ри Ноември**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Средба со проектниот тим на проектот Отворен забавен фудбал**
ЕЦМП Регионалната канцеларија во Скопје беше посетена од проектниот тим на Отворен забавен фудбал од Данска за да ја продискутираат нивната програма во Македонија за 2003 година. На состанокот присуствуваа Цено Александровски – Координатор за Македонија, Драган Наумовски-Проект асистент, Николовска Александра – Административен Асистент и Шарлоте Грегерсен – претставник од Данска.
Е-меил: ecmimkd@ecmingonet.org.mk Веб страна на Отворен Забавен Фудбал: www.openfunfootballschools.org.mk

**26ти Ноември**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Средба со секторот на СИДА за координација**

ЕЦМП беше поканет да земе учество на координативниот состанок со партнерите за имплементација организиран од страна на СИДА Шведска-Скопје. На средбата беа дискутирани измените во стратегијата на СИДА кои се однесуваат на земјата како и предизвиците и трендовите во развојниот сектор во Македонија. Повеќе информации на sidask@mt.net.mk

**26ти Ноември**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Средба на ЕЦМП со ИДЕА Интернационал – Стокхолм**
Марк Салтер од ИДЕА Интернационал Стокхолм се сретна со Регионалниот претставник на ЕЦМП Сунур Верма за да продискутираат за активностите на ЕЦМП во Македонија. Г-дин Верма пред гостинот ја презентира ЕЦМП НВО Мрежата и накратко го запозна со претстојниот политички проект на ЕЦМП за во 2003 година со цел стабилизација на Рамковниот договор. Исто така беше дискутирано и за соработката меѓу двете организации.
www.idea.int

--------------------------------------------
2.Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри
--------------------------------------------

**7ми Ноември**
**ЕЦМП Регионален НВО ресурсен центар Тетово**
**Средба на СИДА-Шведска со членките на Регионалниот центар Тетово**
Г-дин Стафан Херштрум, заменик генерален директор на СИДА; г-дин Бо Елдинг, шеф на одделот за западен Балкан; г-ца Аника Пало, директор за развој на соработката, шведска амбасада; г-ѓа Билјана Цартова-Петровска, програм офицер, шведска амбасада/СИДА го посетија ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен центар Тетово и се сретнаа со членките на мрежата од овој центар и со претставниците на ПРОНИ институтот, партнер за имплементација на СИДА. Г-динот Фадил Османковиќ, програм менаџер и неговите колеги од ПРОНИ Македонија ги презентираа нивните активности. После тоа следеше презентација на активностите на ЕЦМП во Македонија од страна на Регионалниот претставник Сунур Верма, а г-динот Надир Рецепи покрај неговата улога на претседавач на средбата ги презентира активностите на Регионалниот центар Тетово. Г-дин Бујар Лума ги презентира неговите видувања за проблемите со кои се соочува НВО секторот во Тетово. Потоа следеше активна дискусија.
Е-меил: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**7ми Ноември**
**ЕЦМП Регионален НВО ресурсен центар Тетово**
**Делегација на СИДА ги посети проектните локации на членките на ЕЦМП НВО Мрежата**
Г-дин Стафан Херштрум, заменик генерален директор на СИДА; г-дин Бо Елдинг, шеф на одделот за западен Балкан; г-ца Аника Пало,

директор за развој на соработката, шведска амбасада; г-ѓа Билјана Цартова-Петровска, програм офицер, шведска амбасада/СИДА ги посетија проектните локации на две членки на ЕЦМП НВО Мрежата. Најнапред го посетија хуманитарното здружение на Ромите во Македонија "Сонце" и нивните проектни активности - детската градинка, младинскиот клуб, компјутерското образование и остварувањето на приходи за внатрешно раселените жени. Во продолжение беше посетен и Бабилон центарот на Центарот за балканска соработка „ЛОЈА“ во Теарце. Персоналот од двете организации во детали им ги објаснија на гостите предизвиците со кои секојдневно се соочуваат при имплементирањето на нивните активности. Делегацијата ја придружуваше Регионалниот претставник на ЕЦМП, Сунур Верма.
Е-меил: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**20ти Ноември**
**ЕЦМП Регионален НВО ресурсен центар Штип**
**Средба со Мониторинг мисијата на Европската унија**
Во просториите на ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен центар Штип се реализира средба помеѓу претставниците на Мониторинг мисијата на Европската унија Пјер Паоло Даниел и Џорџ Екборг и координаторот на центарот Шенај Османов. Гостите се интересираа за мисијата и целите на ЕЦМП НВО Мрежата како и за активностите кои се одвиваат во рамките на самата мрежа. Г-ин Османов во детали ги запозна гостите со структурата и активностите на мрежата како и со идните насоки за функционирање на истата.
Е-меил: ecmistip@ecmingonet.org.mk

---------------------------------------------
3. Вести од членовите на ЕЦМП НВО Мрежата
---------------------------------------------

**1ви Ноември**
**Центар на Ромската Заедница ДРОМ**
**Реализирани активности во рамките на проектот Семеен центар „Машкар аменде“**
Во рамките на проектот Семеен центар, поддржан од Иницијатива за култура на Ромите, Институт отворено општество - Будимпешта, Роми експерти одржаа предавања за културата, историјата, традицијата и образованието во согласност со утврдената програма. Членките на Семејниот центар исто така се сретнаа со педагог и со координаторот на центарот. За време на консултативните и информативните средби, членките се здобија со информации за моменталната состојба во правото, образованието и другите области кои им беа нејасни. Семејните релации исто така беа подобрени преку други групни активности. Програмата на овој центар ќе трае до јануари 2003. Проектот е активно презентиран во медиумите

(локалните медиуми – ТВ Куманово и ТВ Нова, националните медиуми – МТВ, ТВ БТР, ТВ Шутел и радио Канал 77) уште од самиот почеток.
Е-меил: drom@soros.org.mk

**5ти Ноември**
**Балканско здружение за пријателство и соработка Битола**
**Формирање на центар за одржлив развој**
Во рамките на своите програмски активности Балканското здружение за пријателство и соработка од Битола одржа прес конференција на која е промовиран Центарот за одржлив развој, лоциран во просториите на месната заедница „Панде Кајзеро" во Битола. Активностите опфаќаа реновирање и адаптација на зградата со што центарот ќе располага со една информативно-едукативна просторија, три канцеларии, чајна кујна и два тоалети.
На пресконференцијата присуствуваа претставници на донаторите и тоа г-дин Пол Паркс, Директор за Македонија на Институтот за трајни заедници, г-ца Лиен Баер, Програмски офицер на Канцелкаријата за градење доверба од Битола, канадскиот амбасадор во Унгарија Н.Е. г-дин Рафел Жерар и претставник на Локалната самоуправа Д-р Никола Костурски.
Е-меил: bafc@mt.net.mk

**12ти Ноември**
**Здружение за заштита на правата на Ромите – Штип**
**Проект за организациско работење**
Здружението за заштита на правата на Ромите започна со подготовките за имплементација на проектот „Организациско работење" поддржан од Данскиот центар за бегалци. Целта на овој проект е зајакнување на капацитетите на здружението. Проектот предвидува обука на 20 членови на здружението за правни асистенти т.е. запознавање на активните волонтери со канцеларискотo работење во траење од шест дена.
Е-меил: arrp@freemail.com.mk

**15ти Ноември**
**Младински културен центар – Битола**
**Започнување на имплементацијата на проектот Младински мултикултурни иницијативи**
Младински културен центар започна со реализацијата на проектот Младински мултикултурни иницијативи, поддржан од ЕЦМП Мрежата во Македонија. Целта на овој проект е да се формира младинска мрежа во рамките на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во република Македонија која би делувала во областа на културата. Оваа мрежа произлезе како резултат на претходно започнатите активности во рамките на проектот „Битола-отворен град".
Е-меил: mkcbt@mt.net.mk

**16ти Ноември**
**Културно и хуманитарно здружение на Турците „Челебија“ Битола**
**Имплементација на проектот „Битола бабам Битола“**

Во месец Ноември беше означен почетокот на имплементацијата на проектот „Битола бабам Битола“ во рамките на Програмата за подобрување на меѓуетничките односи, поддржан од Фондацијата институт отворено општество Македонија, Крал Бодуен Фондацијата, Чарлс Мот Фондацијата, како и со техничка поддршка од Канцеларијата за градење на доверба Битола и Европскиот центар за малцински прашања.

Првата активност која се одржа на 06ти Ноември беше отворање на изложба на книги на турски јазик печатени во Република Македонија во просториите на Матичната и универзитетска библиотека Св.Климент Охридски Битола и поетската вечер организирана по тој повод со поетите Тодор Чаловски и Фахри Каја. На отварањето присуствуваа 90 гости, а во текот на следните седум дена колку што беше изложбата ја посетија 700 посетители.

Втората активност беше рециталот одржан на 15ти Ноември во партнерство со Домот на културата Битола а во изведба на актерката Сабина Ајрула. Рециталот се одвиваше комбинирано на македонски и турски јазик. На настанот присуствуваа 100 посетители, а истиот беше прикажан и на регионалната ТВ станица „Тера“.

Активностите од овој проект продолжуваат со своја имплементација и во месеците декември и јануари. За подетални информации за минатите и идни активности контактирајте на celebi-bt@mt.net.mk

**19ти Ноември**
**MAJKA/ Хуманитарно Здружение - Куманово**
**Трибина „Предизвици на полицијата во новиот милениум“**

Во соработка со Центарот за отворена комуникација Скопје, Мултиетничката мрежа на НВОи МАЈКА организира јавна трибина во просториите на хотел „Куманово“ на тема „Предизвици на полицијата во ноивиот милениум“. Воведничар на трибината беше проф д-р. Трпе Стојановски, додека како предавачи се претставија проф. Д-р Љупчо Арнаудовски и дипл. правник Дијана Тафчиоска.

На трибината присуствуваа гости од Локалната самоуправа, НВОи, државните институции и локалните медиуми.

Е-меил: vavku@freemail.org.mk

**24ти Ноември**
**Асоцијација за напредок, едукација и лобирање (НЕЛ) – Штип**
**Учество на работилницата - Структура, култура и етика на НВОи и на обуката за семејно насилство**

Претставници на НЕЛ присуствуваа на работилницата „Структура, култура и етика на НВОи“, во организација на Центарот за поддршка на НВОи од Штип. Во работата на работилницата зедоа учество 32 претставници на НВОи. Предавачи на оваа работилница беа Д-р Константин Петковски, Д-р Методија Стојановски и М-р Павлина Јанкуловска. На работилницата се разгледуваа прашања поврзани со поимот организација т.е. структура на организацијата, култура на

НВОи, фактори кои ја определуваат културата, како и односот култура-субкултура и етика на НВОи.
Исто така претставник на НЕЛ учествува во циклусот на обуки посветени на семејното насилство од која се очекува по завршувањето членот на НЕЛ активно да се вклучи во активностите за борба против семејно насилство као обучено и квалификувано лице.
Е-меил: nel@winning.com

**30ти Ноември**
**Асоцијација за напредок, едукација и лобирање (НЕЛ) - Штип**
**Учество на конференцијата на Младинската мрежа на југоисточна Европа**
Претставник на Асоцијацијата за напредок, едукација и лобирање (НЕЛ), присуствуваше на конференцијата на Младинската мрежа на југоисточна Европа која се одржа во Охрид од 27ми до 30ти Ноември. На оваа конференција зедоа учество повеќе од 60 НВОи од Балканот и пошироко. Целта на конференцијата беше прием на нови членови во мрежата, а главните разговори се водеа околу размената на волонтери и организирање на работни кампови. На крајот од конференцијата НЕЛ беше поканета да учествува на обуките и да разменува волонтери со членките на мрежата.
Е-меил: nel@winning.com

**30ти Ноември**
**Младински културен центар – Битола, асоцијативна членка на Младинската мрежа на југоисточна Европа**
На есенската конференција на Младинската мрежа на југоисточна Европа која се одржа во Охрид во периодот 27-30 Ноември и на која присуствуваше претставник на МКЦ - Битола овој центар е примен за асоцијативна членка и овој статус ќе ги има во наредната година.
Инаку, Младинската мрежа на југоисточна Европа е обид да се надминат разликите меѓу општествата кои неодамна поминале низ конфликтни ситуации преку обединување на младите луѓе од цела Југоисточна Европа да работат заедно. Оваа мрежа поаѓа од идејата дека младите се идни лидери на општеството и нејзината цел е да овозможи развивање на силна и трајна поврзаност помеѓу младинските организации од регионот со цел да се срушат предрасудите и да се изгради култура на разбирање, толеранција, еднаквост, отвореност и соработка меѓу младите од различни земји во регионот. Подетални информации за оваа мрежа можете да најдете на www.seeyn.org

-------------------------------------------------------
4. Линкови
-------------------------------------------------------

**I.** Меѓународни и регионални организации

**Проект за Етнички односи(ПЕР) - Принстон**

Проектот за етнички односи е основан во 1991 во очекување на меѓуетничките конфликти кои настанаа по колапсот на комунизмот во централна и источна Евопра и поранешниот Советски Сојуз. ПЕР реализира програвми за големи интервенции и дијалог а игра и улога на неутрален медијатор во многу спорови во регионот. ПЕР исто така организира тренинзи, едукација и истражувања на меѓународно, национално и регионално ниво.
е-маил: ETHNIC@CompuServe.com
Контакт: Др. Ален Х. Касоф, претседател; Г-ѓа Ливиа Б. Плакс, извршен директор; Г-дин Алексеи Н. Григоријев, програмски службеник

**Регионален центар за стратегиски студии (РЦСС) Колумбо 7 - Шри ланка**

Преку својата работа во промоцијата на мир и стабилност во Јужна Азија, Регионален центар за стратегиски студии е активно инволвиран и во други активности, преку собирање на регионални специјалисти и експерти во изнаоѓање мирни решенија за било која конфликтна зона. РЦСС комбинира теоретско и теренско истражување, служејки се со примарни и секундарни извори за својата работа, исто така организира конференции, семинари и работилници.
Контакт: Др. Ифтехар Заман,Извршен директор
е-маил: ed_rcss@sri.lanka.net

**II.** Менаџмент на меѓуетнички конфликти

**Партнери за демократски промени(Партнери) - Сан Франциско**

Партнери за демократски промени(Партнери) е меѓународна непрофитна организација составена од национални центри за конфликт и управување со промени од Бугарија, Чешка, Грузија, Унгарија, Литванија, Полска и Словачка, и мрежа на тренери од Русија. Основана во 1989 “Партнери” е посветена на унапредување на културата за конфликт и управувасње со промени и промовирање на граѓанското општество и општествата во транзиција. Долгорочна цел на иницијативата е да создаде перманентни институтции кои ќе обезбедуваат алтернативи за насилното изразување во етничките прашања и ќе понудат валидни и легитимни средства во решавање на индивидуалните и заедничките потреби.
Е-маил: pdci@netcom.com Веб сите: http://partners-intl.org

**Руска академија на науки – Москва**
**Центар:Институт за етнологија и антропологија**

Институтот за етнологија и антропологија беше инволвиран во неколку истражувачки проекти за етничките малцинства и националности во поранешниот Советски Сојуз како и значајна антрополошка работа во однос на пленињата/групите.

Контакт: Валериј Тишков, Директор; Проф. Мара Устинова, Директор на одделот за меѓународни проекти; Сергеи Сколовски, Истражувачки координатор.
Е-маил:umara@eawarn1.msk.sy  или tishkov@ethno.msk.sy
Веб сајт: www.iea.ras.ru

**Рутгерс, Државен универзитет на Њу Џерси**
**Центар: Центар за преговарање и решавање на конфликти**
Центарот за преговарање и решавање на конфликти е создаден 1986 година и е дел од конзорциумот на 16 центри за решавање на конфликти од универзитетите Харвард, Мичиген, Минесота, Пен Северозапад, Станфорд, Сиракуса и Висконсин. Мисијата на центарот опфаќа образование, тренинзи, истражување, и директни услуги во превенција и решавање спорови. Центарот исто така овозможува и медијациски, арбитражни услуги за оспорените странки.
Контакт: Санфорд Цеф, Директор; Линда Стимато, Заменик директор
Њеб сите: www.polics.rutgers.edu/CNCR
Е-маил: cncr@rci.rutgers.edu

**Сиракуса универзитет**
**Центар: Програма за анализа и решавање конфликти(ПАРЦ)**
Програмата за анализа и решавање конфликти(ПАРЦ) е мултидисциплинарен центар во рамките на Униварзитетот Сиракуза, Школо за државјанство и јавни односи, чиј предмет е зголемување на знаењето/образованието за социјалните конфликти- нивната природа, тек на развој и можното решавање – преку теорија, истражување, образование и практика.
Контакт: Роберт Рубинштајн, Директор
Њеб сите: www.maxwell.csp.edu/parc/parcamil.htm

**III.** Главни извори на човекови права

**Истражувачки центар Отворени Медиуми (ОМРИ)- Прага**
Институтот за истражување на отворените медиуми е нов истражувачки институт кој е посветен на проучување на поранешниот Советски Сојуз и источна,централна и јужна Европа. Настанат е како резултат на јавно-приватно инволвирање на Американскиот совет за меѓународна радиодифузија и Институтот отворено општество. ОМРИ има тројна мисија: да ги информира луѓето низ светот за регионалните состојби преку широка публикациска програма, да ги орджува, задржи и да ги овозможи достапни архивите на Слободно радио Европа/Радио слобода, да овозможи тренинзи и усовршување на аналитичари и новинари од регионот. Др.Мајкл Михалка моментално ги покрива прашањата исток/запад и меѓународните и регионалните организации(вклучувајќи ги и НАТО, Европската унија, Сојузот на независни држави и ОБСЕ)
Е-маил: mihalkam@omri.cz
Њеб сите: www.tol.cz

**Прекуморски развоен Совет (ОДЦ) - Вашингтон**

ОДЦ е непрофитна организација и меѓународен истражувачки институт кој настојува да информира и да ги подобри мултилатералните приоди и институциите во промоцијата на развојот и менаџментот за глобалните проблеми. Програмите на ОДЦ за мултилатерален дијалог и анализи е дизајниран да ги истражува идеите и пристапите кон глобалната соработка, да развие мрежа на ново лидерство помеѓу јавните и приватните актери низ целиот свет и да информира за донесувањето одлуки за посебни развојни содржини кои се од пошироко меѓународно значење. ОДЦ започна програма која се однесува на потребите на пост-конфликтните земји.
Контакт: Никол Бал, научен истражувач
Њеб сите: www.odc.org

**Кралски институт за меѓунаородни односи (РИИА) – Лондон**
РИИА континуирано работи на општите меѓународни односи. Минати истражувања имаат направено на полето на миграциите, истражување реализирано од Барбара Маршал, истражувачки конслултант за Европската истражувачка програма за британската и германската политика за бегалци во Европски контекст и Сара Колисон, научен истражувач инволвирана во програмата за Средниот исток. РИИА работи и на проект насловен како “ Кон кооперативниот менаџмент за миграции”
Контакт: Лоренс Мартин, директор
Њеб сите: www.riia.org

**Швајцарска мировна фондација**
Фондацијата е основана 1988 да ја обликува швајцарската мировна и безбедносна политика преку истражувања, припремање предлози и реализирање на активности. Посебни сфери на интерес за Фондацијата се и прекуграничните еколошки проблеми кои можат да бидат потикнувачи на регионални конфликти и влијанието на деградацијата на животната околина во односите помеѓу индустријализираните и земјите во развој.
Контакт: Гунтлер Бактлер, директор
Е-маил: cxfried@dial.eynet.ch
Њеб сите: www.swisspeace.ch

-------------------------------------------------------
5. Грантови
-------------------------------------------------------

**Светска Банка**
Целта на Светската банка е да придонесе во намалувањето на сиромаштијата и подобрување на животниот стандард на луѓето од земјите во развој. Светската банка ја потенцира важноста на ангажманот на граѓанското општество во развојот. Постојат неколку програми кои доделуваат грантови на граѓанските организации. За повеќе информации посетете ја веб страната на Светска Банка www.worldbank.org и линкот „НВОи и граѓанско општество“.

**Програма за развој на обединетите нации (УНДП)**
Програмата за мали грантови на УНДП поддржува адресирање на локални проблеми како што се губење на биодиверзитетот, климатските промени и деградација на меѓународните води;проценки и планови на локални ниво: пилот активности кои демонстрираат иновативен приод кон еколошките проблеми на локално ниво; техничка помош и обуки фокусирани на развој на заедницата и градење на капацитетот на НВОи.
www.undp.org/sgp и www.gefweb.org

**Европска комисија – проекти за поддршка на независни и слободни медиуми во Западен Балкан**
Проектите се доделуваат во рамките на програмата CARDS и главна цел е промовирање на уредувачка независност, локално новинарство, професионализација и обука. Должината на проектите е 18 месеци, со буџет од 100.000 до 300.000 Евра од кои се покриваат максимум 80%. Краен рок за аплицирање е 23ти февруари 2003.
http://www.europa.eu.int/eur-lex/en/dat/2002/c_283/c_28320021120en00190020.pdf

**Балкански младински проект – Европски сервис на волонтери**
Доколку сакате да воспоставите подобри контакти и соработка со други младински организации низ Европа со тоа што ќе испратите волонтер од вашата организација или доколку сакате да бидете волонтер, или пак доколку сакате вашата организација да биде домаќин на некој волонтер во период од три до шест месеци проверете ја веб страната на овој проект на
http://www.youthforum.org/our_work/balkan.html

-------------------------------------------------------
6. Листа на ЕЦМП Регионални НВО Ресурсни Центри
-------------------------------------------------------

| **Регионален Центар** | **Контакт лице** | **Телефон и факс** | **Адреса** | **Е-маил** |
|---|---|---|---|---|
| ЕЦМП Регионален Центар Битола | Марија Нашоковска | 047 236 874 | Ул. Јосиф Христовски 4/4 Битола | ecmibitola@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Гостивар | Небија Исмаили | 042 216 166 | У. JHA 294, Гостивар | ecmigostivar@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Куманово | Јелиз Захир | 031 425 456 | Локалитет Гарнизон 1/1-2, Куманово | ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЕЦМП Регионален Центар Скопје | Гордана Цветкоска | 02 391 451<br>02 391 452 | Ул. Дрезденска 9, Скопје | ecmiskopje@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Тетово | Елвира Муртезани | 044 339 031 | Ул. Илинденска 97, Тетово | ecmitetovo@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Штип | Бирџан Мемедов | 032 382 510 | Ванчо Прке 62/3-2 Штип | ecmistip@ecmingonet.org.mk |

Се надеваме дека ова единаесетто издание на Информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист.

-------------------------------------------------------

ЕЦМП Проектот во Македонија е спонзориран со великодушни донации на Кралското Данско Министерство за Надворешни Работи, Британската Амбасада во Скопје и Кралското Норвешко Министерство за Надворешни Работи.

-------------------------------------------------------

Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Марија Нашоковска на: nashokovska@ecmingonet.org.mk

*** Крај на информаторот ***